Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 28.10.2023

На 27.10.2023 во 15.10 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода А.Р.(24) од Норвешка, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.10.2023 во 23.45 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Л.П.(27) од Хрватска, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.10.2023 во 01.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Б.Ј.(29) од Германија, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.10.2023 во 02.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода С.Т.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.10.2023 во 03.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода М.И.(44) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.10.2023 во 01.50 часот во угостителски објект на подрачјето на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода Б.П.(23) од Охрид, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.10.2023 во 18.30 часот во Битола, полициски службеници го лишиле од слобода А.А.(30) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.10.2023 во 16.33 часот во СВР Битола е пријавено дека на локалниот пат за с.Грешница, Македонски Брод кај место викано „Каменица" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „голф" со регистрациски ознаки од Македонски Брод, управувано од Л.П.(67) од с.Модрište, Македонски Брод, а во кое сопатничка била Л.П.(67) и патничко моторно возило „сузуки" со кичевски регистрациски ознаки, управувано од С.Н.(58) од Македонски Брод, во кое сопатничка била М.Н.(44). По несреќата возачот С.Н., неговата сопатничка М.Н. и сопатничката во другото возило Л.П. се пренесени во болница во Прилеп каде од лекар на Л.П и се констатирани тешки телесни повреди, а на С.Н и М.Н. им се констатирани телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Македонски Брод.

На 24.10.2023 околу 09.20 часот во СВР Скопје е пријавено дека на ул. 1 во с.Вибегово, скопско, З.К.(29) од Скопје управувајќи протинот изгубил контрола и паднал на коловозот. По несреќата, З.К. е пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" каде од лекар му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 27.10.2023 во 14.30 часот во Полициска станица Аеродром З.М.(63) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 27.10.2023 во 19.00 часот во Полициска станица Гази Баба Ц.Ј.(81) од Скопје пријавил дека на ул.„Финска" бил каснат од куче скитник.

На 27.10.2023 во 20.15 часот во Полициска станица Чаир, С.И.(26) од Скопје пријавил дека во населба Радишани бил каснат од куче скитник.

Денеска (28.10.2023) полициски службеници од Бирото за јавна безбедност во координација со ОЈО Скопје, по претходно добиени оперативни сознанија и наредба за претрес од Основен кривичен суд Скопје, извршија претрес во Казнено поправната установа Идризово, во полуотворено одделение, при што се пронајдени 63 мобилни телефони, 82 ножа, 4 шила, 71 полнач за телефони и дрога. При пресекавањето службени дејствата, се собрала поголема група затвореници која пружила активен отпор, но биле совладани по преземени мерки и активности. При тоа, со повреди се здобиле 10 полициски службеници, а со повреди се здобиле и дел од затворениците. По документирање на случајот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Полициски службеници од СВР Тетово вчера (27 октомври) околу 18 часот и 40 минути, на улица "Воневардарска" во Тетово, го лишиле од слобода М.Т.(28) од гостиварско Неготино. При негов и преглед на патничкото моторно возило „бмв" со гостиварски регистрациски ознаки, кое М.Т. го управувал, биле пронајдени и одземени: повеќека пушка со 3 патрони, пиштол со 5 куршуми калибар 7,65 милиметри и марихуана. Пушката и пиштолот тој ги поседувал без потребните документи. М.Т. е задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2023 во 04.30 часот на паркинг просторот на бензинска пумпа во гевгелиско бил лишен од слобода А.А.Б.С.(22) од Мароко. Тој бил пронајден на кров од паркирано товарно моторно возило и се обидел да го напушти местото на настанот при тој момент по физички нападнат полициски службеник кој вршел службени дејствија. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид извршила екипа од ОВР Гевгелија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.10.2023 во 17.10 часот во Полициска станица Крива Паланка е пријавено дека во Итна медицинска помош - Крива Паланка бил донесен починат С.М.(54) од Крива Паланка, кој со повредил додека извршувал работни задачи како рудар во рудник во Крива Паланка и при транспорт од рудникот до Здравствен дом Крива Паланка починал. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од ОВР-Крива Паланка и трудов инспектор.

На 27.10.2023 во 20.50 часот во Полициска станица Гази Баба Л.П.(67) од Скопје пријавила дека околу 16.00 часот на подрачје на Гази Баба била физички нападната од женско лице А.Т., која ја познавала. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 во 15.45 часот во Полициско одделение Мирковци Т.Д.(51) од Скопје пријавил дека околу 15.30 часот на подрачје на Мирковци, скопско по претходно случена сообраќајна незгода бил физички нападнат од Љ.Б. од с.Кучевиште, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 во 22.45 часот во Полициско одделение Сарај Р.Б.(22) од с. Кобаница, скопско пријавил дека околу 22.00 часот на подрачје на Центар во автобус кој се движел од Транспортен центар кон с. Бојане, скопско, бил физички нападнат од возачот Џ.Х.(31). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 во 21.53 часот во Полициска станица Аеродром Л.Ј.(18) од Скопје пријавила дека околу 21.20 часот во близина на угостителски објект на подрачје на Аеродром била физички нападната од женско лице М.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 околу 20.00 часот во Полициско одделение Шуто Оризари е пријавено дека во казино на подрачје на Шуто Оризари по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.С.(58) и Ј.З.(27) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 во 13.47 часот во СВР Куманово 49-годишен маж од Куманово пријавил дека во Куманово бил физички нападнат од неговиот 47-годишен брат. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 во 19.00 часот во СВР Куманово Н.С.(41) од Куманово пријавил дека неговата невенчана сопруга Х.С.(35) од с.Клечовце, кумановско, која имала здравствени проблеми, заедно со нивната ќерка А.С.(7) се одделиле од домот, а тој се сомнева дека заминале за Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 28.10.2023 во 00.33 часот во СВР Куманово е пријавено дека во Брза помош Куманово била донесена повредена А.В.(25) од с.Коноречица, кривоталанечко, која, според пријавеното, на 27.10.2023 околу 23.30 часот додека била на своето работно место во фабрика во с.Речица, кумановско била повредена од работна машина управувана од С.П.(50) од Куманово, по што од лекар и се констатирани тешки телесни повреди. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид извршила екипа од СВР Куманово.

На 28.10.2023 во 03.00 часот во Полициска станица Крива Паланка е пријавено дека околу 00.20 часот во Крива Паланка по претходно недоразбирање малолетник од Крива Паланка бил физички нападнат од Б.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2023 во 03,05 часот во СВР Струмица А.М.(20) од Струмица пријавил дека околу 01,40 часот пред угостителски објект во Струмица бил физички нападнат од К.В. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 во 16,30 часот во Кавадарци од полициски службеници е лишена од слобода В.С.(46) од Кавадарци затоа што физички нападнала полициска службеничка која вршела службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.10.2023 во 14.00 часот во ОВР Кавадарци Д.А.(42) од Кавадарци пријавил дека околу 12.45 часот во неговиот двор во Кавадарци по претходно недоразбирање бил физички нападнат од Ѓ.К. од Кавадарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 во 21.30 часот во ОВР Кавадарци С.С.(43) од Кавадарци пријавила дека околу 17.00 часот пред маркет во Кавадарци била физички нападната од Б.Н. од Кавадарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 во 19,15 часот во ОВР Кавадарци З.Л.(40) од с.Сирково, кавадаречко пријавила дека околу 16.45 часот во двор од семејната куќа во с.Сирково била физички нападната од П.В., нејзин роднина. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2023 во 01.10 часот во ОВР Кавадарци К.Г.(40) од Кавадарци пријавила дека околу 00.20 часот пред угостителски објект во Кавадарци нејзиниот син бил физички нападнат од Д.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2023 во временскиот период од 00.00 до 04.00 часот од полициски службеници од СВР Тетово е спроведена акциска контрола во угостителски објекти на тетовското подрачје, со цел преземање на мерки и активности во врска со присуство на малолетници по угостителските објекти и контрола за точење на алкохол на малолетници, при што во два угостителски објекти во с. Мала Речица, тетовско од кои единот сопственост на А.А.(27) и другиот сопственост на И.И. (24), двајцата од тетовско, биле затекнати вкупно осум малолетни лица кои престојуваат во објектите после законски дозволеното време. Против прекршителите се изготовени соодветни поднесоци.

На 28.10.2023 во 01.15 часот во угостителски објект во с. Неготино, тетовско од полициски службеници од СВР Тетово се приведени Л.Н.(39) и М.Ч.(44), двајцата од Р.Албанија затоа што по извршената контрола било констатирано дека го злоупотребиле туристичкиот престој во државата. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.10.2023 во 19,20 часот во Гостивар од полициски службеници од Полициска станица Гостивар е лишен од слобода Б.К.(52) од Гостивар затоа што според пријавеното во Гостивар физички ја нападнал неговата сопруга. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2023 полициски службеници од Криминалистичката полиција на СВР Битола го лишија од слобода Р С.(37) од Битола, кој бил баран со потерница за издржување на казна затвор во траење од шест месеци за извршени тешки кражби. Лицето е спроведено во КПУ Затвор Битола.

На 27.10.2023 на патиот правец Прилеп - Градско околу 00.30 часот патничко моторно возило „Волксваген голф 5" не застанало на претходно издадени наредби од полициски службеници за сопирање на возилото и при тоа удрило еден од полициските службеници. Од страна на полициските службеници биле испукани куршуми, но возилото не застанало и го напуштило местото. Подоцна возилото е пронајдено. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2023 во 09.30 часот во СВР Охрид е приведен Н.Д.(41) од Охрид. При преглед извршен во близина на поранешната касарна во Охрид, полициските службеници кај него пронајдоа и одведоа марихуана. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Л.Д.(63) од Гевгелија поради постоечке основи на сомнение за сторено кривично дело „широење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, на 10.05.2023 година, по вест од еден медиум објавена на социјалната мрежа Фејсбук, поставил коментар со кој ширел говор на омраза.

На 27.10.2023 во 13.40 часот, во Општата болница во Струга, лишен од слобода е Б.Х.(49) од струшко село Велешта. Тој, претходно во просторите на Итната медицинска помош, го нарушил јавниот ред и мир и физички нападнал две вработени лица, а потоа и полициски службеник кој, преземал службени дејствија. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.10.2023 во 21.30 часот, во ОВР Струга лишени од слобода се Е.Е.(20) од струшко село Калишта и А.С.(20), од селото Ливада. При преглед, извршен преку интернет клуб во Струга, полициските службеници кај них пронајдоа и одведоа марихуана. По целосно документирање на настанот, против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.10.2023 во 22.40 часот, на патната делница Извор-Кичево, лишен од слобода е Р.А.(24) од Кичево. При преглед во патничко возило „цитроен" со кичевски регистрациски ознаки што тој го управувал, полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.10.2023 во 00.45 часот, во угостителски објект во кичевското село Другово, приведен е Р.Г.(36) од истото село. Тој, претходно во објектот го нарушил јавниот ред и мир со викање и агресивно однесување кон вработените и присутните гости. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.